Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 04.10.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4706 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, и 142/16), се доставува

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ – М ДОО Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** од 5 до 11 септември 2016 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 3 октомври 2016 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 92 ставови 4 и 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (најмалку 8 часа во текот на неделата инструментална музика од македонски автори и автори на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, вокално и/или вокално инструментална музика на македонски јазик или на јазиците на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија, од која 50% забавна и 50% народна, при што е дозволено отстапување од 5% во однос на поделбата на емитувањето на забавната и народната инструментална, вокално и/или вокално - инструментална; и најмалку половина од обврската за музиката да се оствари во периодот од 7 до 19 часот);

   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛСАТ–М ДОО Скопје, емитуван од 5 до 11 септември 2016

година, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на член 92 ставови 4 и 6 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Со мониторингот е утврдено дека програмскиот сервис:

- Ја почитува обврската во текот на неделата да емитува најмалку 8 часа инструментална музика од македонски автори и/или вокална и/или вокално инструментална музика на албански и/или на македонски јазик. Во анализираната недела емитуваше 12 часа 25 минути и 54 секунди музика;
- Ја почитува и обврската за процентуална распределба на емитуваната музика 50% од музиката да биде забавна, а 50% народна музика. Народната музика беше застапена со 6 часа 47 минути и 51 секунда, а забавната со 5 часа 38 минути и 3 секунди;
- Ги почитува и одредбите од став 6 на член 92, најмалку половина од обврската за музика, да ја оствари во периодот од 7 до 19 часот. Во неделата кога е извршен надзорот, во овој период се емитувани 6 часа 2 минути и 41 секунда инструментална музика од македонски автори и вокална и/или вокално-инструментална музика на албански јазик, од кои 3 часа 23 минути и 59 секунди народна и 2 часа 38 минути и 42 секунди забавна музика.

**8. Опис на прекршувањето: /**

**9. Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***